# ЛИЧНОСТИ ОД ПРЕСПА: ГОГА ПЕЧЕНКОВСКИ ОД ПЕРОВО – ЧУВАР НА ГОРНА ПРЕСПА (13)



**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Животната прикаска на Гога Печенковски е, истовремено, и историја на Преспа, а преку неа и на Македонија. Заоа што она што се случувало од исконските времиња на Александар Македонски, преку незаборавните битки на цар Самуил, до оние на Гоце Делчев и Стив Наумов и Мите Богоевски, во Преспанскиот Регион, ги отсликува сите историски голготи низ кои минувала Македонија, сè до нејзиното прогласување за самостојна и независна држава**

Гога (Ѓорѓи) Печенковски е роден на 6 мај 1920 година, но во матичната книга фигурира датумот 20 април, веројатно по стариот календар, во селото Долно Перово, во Горна Преспа. Неговиот татко Андон бил роден во Перово во 1868 година, а неговата мајка Софија (Цоца) била родена во селото Покрвеник во 1875 година, со која имале пет деца.

Според податоците во скромната Монографија за Гога Печенковски издание на „Македонска искра“ (2004), од авторот на овие редови Славе Катин, Гога Печенковски потекнува од печалбарско семејство.

Неговиот татко Андон уште како млад заминал на печалба во Истанбул. Тој бил активен член на ВМРО и учесник во Илинденското востание. Заедно со другите приврзаници на македонската кауза, мотивирани за идеите за национална и социјална слобода, тие секогаш биле на првата борбена линија, подготвени да го жртвуваат својот живот за слободата на својата татковина. Иако младоженец, таткото на Гога, без збор ги прифаќал задачите што му биле поставувани.

Гога Печенковски уште како дете се интересирал за сите случки кои биле дел од животот на неговиот татко и неговите соборци. Тој се гордееше со неговото семејство, особено на неговиот татко Андон, кој бил еден од напредните селани во Долно Перово. Тој бил одличен рибар и рибите што ги ловел ги продавал особено во Царев Двор. Неговата девиза да се сака Македонија и Преспа ја продолжил неговиот син Гога Печенковски.



*Преспанско Езеро*

Инаку и Гога (Ѓорѓи) е роден во печалбарското село Долно Перово во убавата Преспа, во која тој беше вљубеник во сè она што Господ го дарил на овој убав крај во Македонија.

Животната прикаска на Гога Печенковски започнува во Долно Перово, а завршува во Ресен. Неговото родно место Долно Перово се наоѓа на средишниот дел од територијата на Општината Ресен, а непосредно до северниот брег на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, и се наоѓа на иста надморска височина, како и езерото. Овде нема пошумени подрачја, така што полските работи и риболовот се основни дејности на неговите жители. Во селото работеше основно училиште до четврто одделение. Бројот на жителите, од четиристотини во 1961 година, се намалил на околу двесте во 1994 година, со тенденција на натамошно намалување. Сите жители на селото се Македонци.

Во Долно Перово сè уште функционира црквата „Свети Атанасие“, изградена во стилот на трикорабни базилики. Таа се наоѓа на источната страна на селото, на брегот на Преспанското Езеро. Црквата е градена е со кршен и делкан камен, со кој се обработени прозорците и има два влеза: од западната и од јужната страна.. Црковниот трем се наоѓа од југозападната страна. Стариот живопис е оштетен, освен во незначителни фрагменти кои се наоѓаат на сводот од централниот кораб. Црквата е подигната во 1867 година, а нејзината внатрешност денес е малтерисана и молерисана. Нема податоци за зографот што го работел иконостасот.

Задоволство е да се биде во Перово, зошто таму како и во цела Преспа, се чувствува свежиот воздух што доаѓа од високите букови и борови шуми на планините Баба, Галичица и Бигла. Таму се дише чист планински воздух и секој може да се восхитува на убавината на природата и на природните контрасти што овој дел го прават толку привлечен.

Интересно е да се спомне дека во Долно Перово, покрај селската црква, во непосредна близина се подигнати и пештерските цркви „Свети Илија“ .Се претпоставува дека пештерските цркви се подигнати во XIX век, а подоцна се обновувани, но денес се речиси сосема напуштени. Многу жители на Долно Перово и на Евла, како и на цела Преспа и Македонија ги напуштиле родните огништа, но не и носталгијата со која постојано живеат.







Поради исклучително добрите климатски и други услови, угостителско-туристичкото стопанство во Преспа од година во година зазема сè позначајно место. За неговиот развој се преземаат организирани напори од страна на сите заинтересирани субјекти. Видливи резултати во оваа гранка се постигнати во изминатите неколку децении, а плановите за неговиот развој во иднина се уште поголеми. Впрочем, постојните природни убавини, културно-историските споменици и поволните можности за нивно искористување, овозможуваат идеални услови за натамошни продори на овој план, особено во развојот на домашниот и странскиот туризам, со што овој питом македонски крај ќе се вброи меѓу најдобрите рекреативни центри во земјата.

Затоа и во неговата монографија се вели дека Гога Печенковски беше еден од големите вљубеници на Преспа и остана да го помине животот во Ресен, во Преспа. Таму, во Долно Перово тој се венчал со неговиата животна сопатничка Славка во селската црква „Свети Атанасие“ во1940 година. Меѓутоа, интересно е да се спомне тоа што во тој период нивото на водата на Преспанското Езеро било многу високо, затоа младоженците и сватовите отишле во црквата со чунки (преспански кајчиња), бидејќи црквата била под вода.

Според зборовите на Гога, непосредно пред Втората светска војна, во Преспа била организирана Комунистичката партија, која била мошне активна на теренот. Во неа членувале и неговите братучеди, меѓу кои и Јонче Печенковски, кој бил активист во тој дел на Преспа. Дури Гога раскажа дека на неговата венчавка, Јонче бил девер, но попот не го прифатил за девер, бидејќи Јонче бил комунист, односно антихрист кој не ја признавал црквата и за свадбата морале да назначаат друг девер.

Се чини политичката активност на Јонче ја продолжил Гога Печенковски уште како младоженец и се вклучил во народноослободителното движење. Имено, борбата за ослободување на Преспа значела прво воено крштевање на Гога како заменик политички комесар. Личностите во оваа категорија биле одговорни, смели, борбени и пожртвувани. Таков бил Гога Печенковски, тој бил активен борец во ослободувањето на Преспа од германските и албанските фашисти во 1944 година, сè до ослободувањето на сите територии во Македонија.

Според податоците во неговата монографија може да се заклучи дека историјата на семејството Печенковски е тесно поврзана со настаните во Македонија, со нејзината историја. Нивната  приказна е македонски летопис за опстојувањето на Македонците. Македонија како земја и традиција, како етнички организам и општествена заедница, цели милениуми била запретана во пепелта на долгата бескруполозна обесправеност, потчинетост и ропства од најразличен вид. Сè до нејзиното појавување на историската сцена како птицата феникс, рамноправна на големото светско семејство на народите и државите.

Уште како момче во Долно Перово, Гога работел како рибар, за подоцна да биде назначен за претседател на Земјоделската задруга во Долно Перово. Бил референт за откуп на земјоделски производи во Ресен, потоа бил на различни функции со задача да извршува голем број активности по партиска линија, меѓу кои, бил шеф на кадровското одделение, организациски секретар во Партијата и на други функции. Во тие повоени немирни времиња, Гога бил испраќан на усовршување и учество на бројни конференции, семинари и други политички курсеви, особено оние кои се однесувале за унапредувањето на овоштарството и на други прашања и проблеми во земјоделството. Затоа и бил директор на Земјоделската задруга „Респлод“ (ресенски плод) која била основоположник на напредокот на земјоделството, особено на овоштарството во Ресен и пошироко, во Горна Преспа.

Интересно е да се одбележи дека при обработка на земјиштето, жителите од Преспа, често наидувале на темели од некогашни градби и водоводна канализација. Таков е случајот со локалитетите кај Долно Перово, каде и денес се откопуваат глинени ќупови од големи размери, разни монети и други метални предмети. Вакви локалитети има речиси на сите страни на Преспанското Езеро.

Историските извори укажуваат дека Преспа, заедно со Охрид, претставувала крстопат на цивилизациите. Трајни сведоштва за тоа се бројните споменици од материјалната култура на Македонците, но и остатоците од три важни магистрални патишта: Виа Игнација, Епирскиот и Стариот битолски пат, како најстар каравански пат од византиско време и средниот век. Трасата на тој пат почнувала од Корча, одела преку преминот Гора, долината на реката Черава и селото Љубаниште, до западната страна на Галичица.

Потоа патот се спуштал до Стенски Хан каде што излегувал на Епирскиот пат. Оттаму одел по неговата траса до Сир Хан, од каде што скршнувал покрај северниот брег на Езерото кај Долно Перово, родното село на Гога Печенковски и од реонот на денешното село Подмочани, се качувал на преминот Кодра, а потоа се спуштал до селото Маловиште, Битолско. Одовде и денес, како некогаш, патот оди по реката до селото Кажани, а потоа по рабовите на Цапарското Поле ги поврзувал сите потпелистерски села и се спуштал во Битола.

Инаку, процесот на осознавањето, во смисла на национално освестување во Преспа, се јавил во XIX век, но и многу порано, со подигнувањето на верски објекти и нивно украсување со икони и фрески, кои говорат за тешката историја на македонскиот народ. Иницијативите за подигнување на цркви и други објекти потекнувале од занаетчиите и трговците, особено во историските околности кои овозможувале извесна верска слобода на македонското население. Во таквите прилики доаѓале до израз и постигањата на македонските градители и зографи.

Обновените археолошки истражувања на локалитетот на Голем Град на Преспанското Езеро, ги потврдија претпоставките за организирано живеење на овој езерски остров од III до I век пред нашата ера. Откриени се остатоци од две цркви и потврдено е постоењето на средновековна некропола. Населбата својот процут го доживеала во римскиот период од IV до VI век. Новото заживување било регистрирано во периодот меѓу IX и XIV век, но овој пат како манастирски комплекс. Целосно била сочувана црквата „Свети Петар“, а делумно црквата „Свети Димитрија“, во која се претпоставува дека е погребан свети Димитрија.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**